З А П И С Н И К
од Деведесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 16 јули 2025 година

Скопје, јули 2025 година

З А П И С Н И К
од Деведесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 16 јули 2025 година

Седницата започна во 13:25 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи со заедниците и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и м-р Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата присуствуваа и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваше и Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, како и м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваше Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Дополнет предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година

2. Прашања и предлози

3. Информација за промена на шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО – (Група на држави против корупција) на Совет на Европа, со предлог-решенија

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, по скратена постапка

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик (*), по скратена постапка

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Дополнетиот предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година и го утврди со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да спроведе пренамена на средства во рамки на капиталните расходи од Потпрограмата АА во Потпрограма 2А во Буџетот на Министерството за спорт, согласно барањето на Министерството за спорт.

За таа цел, се задолжува Министерството за спорт, за наредната седница на Владата да достави предлог-одлука за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни објекти од конкретната област за 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да спроведе пренамена на средства во рамки на буџетот на Министерството за образование и наука и тоа:

- на Ставка 423-средства од 5 милиони денари доделени на Универзитетот „Гоце Делчев“ да се прераспределат на Ставката 401–3 милиони денари и Ставката 402-2 милиони денари и

- од Програмата МА, Ставка 426 да се префрлат на Програма 3, Потпрограма 36, Ставка 482-20 милиони денари.

3. Се задолжува Министерството за финансии да спроведе пренамена на средства во рамки на буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање, со цел реализирање на Одлуката за фосилни горива и за финансирање на Јавната установа Национален парк Шар Планина.

4. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди дополнителни 5 милиони денари во буџетот на Министерството за здравство наменети за опрема.

Пречистениот текст на Дополнетиот предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, согласно член 199 став (1) од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**Точка 2**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за промена на шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО – (Група на држави против корупција) на Совет на Европа, со предлог-решенија, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Го донесе Решението за престанување на важењето на Решението за именување на шеф на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО (Група држави против корупција) на Советот на Европа.

2. Го донесе Решението за именување на шеф на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа.

3. Се задолжува Министерството за правда, како носител на активностите за координација со ГРЕКО, во рок од 10 дена, преку Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, да го извести Секретаријатот на ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа за именувањето на доц. д-р Денис Прешова за шеф на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа.

**Точка 4**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**Точка 5**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик (*), по скратена постапка.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:15 часот.